**ПРАШАЛНИК ЗА АНГАЖИРАНИТЕ ОБРАБОТУВАЧИ**
**За потврда на усогласеноста со Законот за заштита на личните податоци**

**Контролор на лични податоци:**

**Сава пензиско друштво а.д. Скопје**, ул. Мајка Тереза бр.1, Скопје

**Обработувач на лични податоци:**

**----------------------------------------------------------------**

Прашалникот е подготвен и доставен од страна на Офицерот за заштита на личните податоци на контролорот на лични податоци, а го пополнува и за точноста на одговорите одговара овластеното лице од страна на Обработувачот на лични податоци.

Прашалникот е составен од четири дела, а истиот се одговара по пат на заокружување на одговорот.

1. **Технички мерки**

| **Прашање** | **Одговор** |
|---|---|
| Дали корисниците имаат единствено корисничко име за најава во информацискиот систем одобрено од овластено лице? | Да Не |
| Дали постои политика на лозинки која наметнува лозинката за најава да е составена од комбинација на најмалку осум алфанумерички карактери (од кои минимум една голема буква) и специјални знаци? | Да Не |
| Дали постои корисничко име и лозинка која овозможува пристап на овластеното лице до информацискиот систем во целост? | Да Не |
| Дали постои автоматизирано одјавување од информацискиот систем после изминување на определен период на неактивност (не подолго од 15 минути)? Дали за повторно најавување во системот потребно е одново внесување на корисничкото име и лозинката? | Да Не<br>Да Не |
| Дали постои автоматизирано отфрлање од информацискиот систем после одреден број на неуспешни обиди за најава (внесување на погрешно корисничко име или лозинка) и автоматизирано известување на овластеното лице дека треба да побара инструкција од администраторот на информацискиот систем? | Да Не<br>Да Не |
| Дали е инсталирана хардверска/софтверска заштитна мрежна бариера ("фајрвол") или рутер помеѓу информацискиот систем и интернет или било која друга форма на надворешна мрежа, како заштитна мерка против недозволени или злонамерни обиди за влез или пробивање на системот? | Да Не |
| Дали е имплементирана ефективна и сигурна анти-вирусна, анти-спајвер и анти-спам заштита на информацискиот систем, која постојано се ажурира заради превентива од непознати и непланирани закани од нови вируси и спајвери? | Да Не |
| Дали компјутерите и серверите се приклучени на енергетска мрежа преку уред за непрекинато напојување (UPS)? | Да Не |

## 2. Организациски мерки

| Прашање | Одговор |
|---|---|
| Дали пристапот до личните податоци кои се обработуваат е ограничен? | Да Не |
| Дали имате назначено Офицер за заштита на личните податоци? | Да Не |
| Дали постои систем за идентификација на лицето кое пристапило до личните податоци (логови)? | Да Не |
| Дали Офицерот за заштита на личните податоци на месечно ниво подготвува извештај за авторизирани пристапи? | Да Не |
| Дали вработените во компанијата кои обработуваат лични податоци имаат потпишано Изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци? | Да ѝ Не |
| Дали водите евиденција на издадени овластувања за обработка на лични податоци? | Да Не |
| Дали постојат организациски правила за пристап на овластените лица до интернет кои се однесуваат на симнување и снимање на документи преземени од електронска пошта и други извори? | Да Не |
| Дали документите кои содржат лични податоци се уништуваат по истекот на рокот на нивно чување или по исполнување на целта на обработката? | Да Не |
| Дали се превземени мерки за физичка сигурност на работните простории и на информатичко комуникациската опрема каде што се собираат, обработуваат и чуваат личните податоци? | Да Не |
| Дали се почитуваат на техничките упатства при инсталирање и користење на информатичко комуникациската опрема на која се обработуваат личните податоци? | Да Не |
| Дали вработеното лице кое ги врши работите за човечки ресурси кај контролорот, го известува администраторот на информацискиот систем за вработувањето или ангажирањето на секое овластено лице со право на пристап до информациски систем, за да му биде доделено корисничко име и лозинка, како и за престанок на вработувањето или ангажирањето за да му бидат избришани корисничкото име и лозинката, односно заклучени за натамошен пристап? | Да Не |
| Дали имате интерни акти кои се однесуваат на заштитата на личните податоци? | Да Не |

## 3. Физичка сигурност на информациски систем

| Прашање | Одговор |
|---|---|
| Дали на серверите на кои се инсталирани софтверските програми за обработка на личните податоци, физички се лоцирани, хостирани и администрирани од страна на контролорот? | Да Не |
| Дали физички пристап до просторијата во која се сместени серверите имаат само лица со посебно овластување? | Да Не |
| Дали лицата без посебно овластување до просторијата и личните податоци зачувани на серверите се соодветно придружувани и надгледувани од овластено лице? | Да Не |
| Дали просторијата во која се сместени серверите се заштитува од ризиците во опкружувањето преку примени на мерки и контроли со кои се намалува ризикот од потенцијални закани вклучувајќи кражба, пожар, експлозии, чад, вода, прашина, вибрации, хемиски влијанија, пречки во снабдувањето со електрична енергија и електромагнетно зрачење? | Да Не |

4. **Останати мерки**

| **Прашање** | **Одговор** |
|---|---|
| Дали постои управување со медиуми? | Да Не |
| Дали постои евиденција на сигурносни инциденти? | Да Не |
| Дали се почитува правилото на “чисто биро”? | Да Не |
| Дали вработените се информирани и свесни за заштитата на личните податоци? | Да Не |
| Дали се вршат обуки од областа на заштитата на личните податоци? | Да Не |
| Дали постои процедура за сигурносна копија? | Да Не |
| Дали компанијата поседува извештаи од спроведена независна ревизија? | Да Не |
| Дали компанијата поседува некаков вид на сертификација во врска со сигурност на информациски систем или заштита на лични податоци? | Да Не |
| Дали компанијата има спроведено тест за ранливости или пенетрациски тест со кој се гарантира безбедноста на личните податоци? | Да Не |
| Дали се врши пренос во други земји(ЕУ/трети земји)<br>Ако одговорот **е да** дали има одобрение од АЗЛП или известување | Да Не<br>Да Не |

| Забелешки: |
|---|
| |

Датум на пополнување на прашалникот:

**Пополнил прашалник:**
(полно име и презиме, потпис и печат
на овластено лице кај Обработувачот
на лични податоци)

Офицер за заштита на лични податоци
----------------------------

-------------------------------------